**20211682790**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Со цел олеснување на преминувањето на државната граница од страна на државјаните на Република Северна Македонија и Државјаните на Република Косово кои имаат основана причина за преминување на државната граница со цел спроведување на културни и туристички активности, односно други работи од јавен интерес.

Врз основа на член 35 став 1 алинеја 5 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 171/1041/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија во согласност со Министерството за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија и утврдена согласност на Министерството за внатрешни работи на Република Косово, како надлежен орган на соседната држава донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРИВРЕМЕН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН

I. СЕ ОПРЕДЕЛУВА привремен граничен премин „Стрезимир - Рестелица“ за државјаните на Република Северна Македонија и државјаните на Република Косово, кои имаат основана причина за преминување на државната граница и престој во пограничната зона во периодот од 18.07.2021 до 01.09.2021 година на подрачјето на Општините Драгаш, Република Косово и Општина Маврово и Ростуше, Република Северна Македонија.

II. МЕСТО НА ЛОЦИРАЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин е лоциран на место викано Луково поле на заедничката гранична линија помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово.

III. ВРЕМЕ НА РАБОТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Привремениот граничен премин се определува да работи во периодот од 18.07.2021 до 01.09.2021 година со работното време од 08,оо до 20,оо часот.

IV. ОБЕМ НА КОРИСТЕЊЕ на привремениот граничен премин

Државјаните на двете држави кои во наведените денови имаат намера да ја преминат државната граница преку овој привремен граничен премин со себе можат да носат само предмети наменети исклучиво за лична употреба.

Привремениот граничен премин не може да се користи за транспорт, односно пренесување на стоки преку државната граница кои подлежат на плаќање царина, данок или други давачки.

V. НАЧИН НА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

Преминувањето на државната граница на привремениот граничен премин се врши непосредно од страна на физичко лице пешки или со користење на патнички автомобил, мопед или велосипед.

VI. УСЛОВИ ЗА ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ГРАНИЦА

За преминување на државната граница преку привремениот граничен премин, потребно е физичкото лице да ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија, односно Република Косово.

- во наведените денови да има основана причина за преминување на државната граница и престој во пограничната зона.
- да поседува валиден патен документ (лична карта или пасош) издаден согласно националното законодавство од надлежен државен орган на Република Северна Македонија, односно Република Косово, со кој може да се утврди идентитетот на лицето.

VII. ТРОШОЦИ

Трошоците согласно член 35 став 4 од Законот за гранична контрола за определување и работење на привремениот граничен премин се на товар на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

VIII. Ова Решение влегува во сила веднаш по објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.02-042957/21-0001
16 јули 2021 година
Скопје

Министерство
за финансии,
Царинска управа
Заменик директор,
**Муарем Асани**, с.р.

Бр.13.1-69425/1
14 јули 2021 година
**Скопје**

Министерство
за внатрешни работи
Министер,
**Оливер Спасовски,** с.р.